| 17 | Набавка на резервни делови за СКАДА систем на РВС Студенчица, за 2021 година | Во декември 2021 година објавен е оглас за набавка на резервни делови за СКАДА систем кој е во тек. Предвидените активности (избор на најповолен понудувач и реализација на набавката) се очекува да заврши во февруари 2022 година | 300.000,00 | 300.000,00 | Сопствени средства |
| 18 | Набавка на опрема за видео надзор на придружни објекти од РВ Студенчица | Во декември 2021 година објавен е оглас за набавка на опрема за видео надзор на придружните објекти од РВ Студенчица кој е во тек. Предвидените активности (избор на најповолен понудувач и реализација на набавката) се очекува да заврши во јануари 2022 година | / | 150.000,00 | Сопствени средства |
| 19 | Набавка на теренски возила | Во текот на месец ноември 2021 година објавен е оглас за набавка на теренски возила. Реализацијата на набавката се очекува да заврши во јануари 2022 година | / | 1.200.000,00 | Сопствени средства |
| 20 | Набавка на хидромеханска и електротехничка опрема, за 2021 година | Во декември 2021 година објавен е оглас за набавка на хидромеханска и електротехничка опрема кој е во тек. Предвидените активности (избор на најповолен понудувач и реализација на набавката) се очекува да заврши во февруари 2022 година | / | 5.000.000,00 | Сопствени средства |
| 21 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2021 година | МХЕ Добреноец претставува значаен објект за чие одржување е потребно стручни лица од повеќе области – машински дел, електро дел, хидроградежен дел и др. Според тоа одржувањето на МХЕ Добреноец најдобро е да се врши од страна на надворешен субјект која поседува стручни и искусни лица од оваа област. Набавката се предвидува секоја година со цел обезбедување на нормално функционирање и намалување на можноста на посериозни дефекти на малата хидроцентрала | 300.000,00 | 300.000,00 | Сопствени средства |

| Планирани активности во тековната година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство | Врз основа на претходно изработените студии за енергетска искористеност на РВС Студенчица каде што е утврдена можност за изградба на уште две мали хидроелектрани и студиите за оправданост на доделување на договор за јавно приватно партнерство, во текот на 2022 година се планира да се објави оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на две МХЕ на РВ Студенчица и тоа: МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод. Проектот ќе генерира економски придобивки меѓу кои зголемување на приходите на ЈП Студенчица како и производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија | / | / | ЈПП |
| 23 | Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство | Во текот на 2014 година изработена е Физибилити студија за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба и стопанисување со капацитети за флаширање на вода за пиење на водоснабдителниот систем Студенчица Кичево. Цели на проектот се: обезбедување на дополнителни финансиски средства на ЈП Студенчица, потикнување на економски развој преку изградба на производни капацитети и зголемување на вработеноста | / | / | ЈПП |

## Извештај за реализирани инвестициони активности за периодот

| Ред.број | Планирани инвестициони активности за соодветниот период согласно Годишната инвестициона прорама на претпријатието, одобрена од Владата на Р. Македонија | Планирани буџетски средства за соодв. инвест. активност за периодот согласно Год. Инвестиц. програма | Планирани буџетски средства за соодв. инвест. активност за периодот согласно Год. Инвестиц. програма | Реализирани буџетски средства за соодв. инвест. активност за периодот согласно Годиш. инвестиц. програма | Процент на реализац. на планир. буџетски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **Инвестиоционо - техничка документација и интелектуални услуги** | | | | | |
| 1 | Ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015 (3 години, 50% прва, 25% втора и трета година плаќање), втора ресертификација | | 37.500,00 | 37.500,00 | 100.0% |
| 2 | Изработка на извештај од надзор за извршен технички надзор врз хидрогеолошки истражувања и испитувања на зоната на прихранување на карстните издани кои гравитираат кон река Студенчица и одредување на потенцијални микролокации за обезбедување на дополнителни количини на вода | | 200.000,00 | Не е реализирано | / |
| 3 | Изработка на извештај од надзор за извршен технички надзор врз изградба на преливен праг во коритото на река Студенчица | | 15.000,00 | 15.000,00 | 100.0% |
| 4 | Изработка на извештај од надзор за извршен технички надзор врз реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: Чуварска куќа - каптажа (кров и фасада) | | 15.000,00 | Не е реализирано | / |
| 5 | Изработка на извештај од надзор за извршен технички надзор врз реконструкција на анодни лежишта на две станици за катодна заштита на РВ Студенчица - Хлорна Прилеп и РГ Другово | | 15.000,00 | Не е реализирано | / |
| 6 | Изработка на извештај од надзор за извршен технички надзор врз реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: Прекидна комора Барбарас | | 15.000,00 | 15.000,00 | 100.0% |
| 7 | Изработка на извештај и испитување на системот за катодна заштита со дијагностика за фактичката состојб | | 30.000,00 | 30.000,00 | 100.0% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Инвестициона градба | | | | | |
| 8 | Реконструкција на анодни лежишта на две станици за катодна заштита на РВ Студенчица - Хлорна Прилеп и РГ Другово | | 700.000,00 | Не е реализирано | / |
| 9 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: Чуварска куќа - каптажа (кров и фасада) | | 600.000,00 | Не е реализирано | / |
| 10 | Изградба на преливен праг во коритото на река Студенчица | | 400.000,00 | 360.005,00 | 90.0% |
| 11 | Хидрогеолошки истражувања и испитувања на зоната на прихранување на карстните издани кои гравитираат кон река Студенчица и одредување на потенцијални микролокации за обезбедување на дополнителни количини на вода | | 10.000.000,00 | Не е реализриано | / |
| Набавка на опрема | | | | | |
| 12 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација, за 2021 година | | 300.000,00 | Активноста е во тек (Објава на оглас преку ЕСЈН) | / |
| 13 | Набавка на резервни делови за СКАДА систем на РВС Студенчица, за 2021 година | | 300.000,00 | Активноста е во тек (Објава на оглас преку ЕСЈН) | / |
| 14 | Набавка на опрема за видео надзор на придружни објекти од РВ Студенчица | | 150.000,00 | Активноста е во тек (Објава на оглас преку ЕСЈН) | / |
| 15 | Набавка на теренско возило | | 1.200.000,00 | Активноста е во тек (Избор на најповолен понудувач) | / |
| 16 | Набавка на хидромеханска и електротехничка опрема, за 2021 година | | 5.000.000,00 | Активноста е во тек (Објава на оглас преку ЕСЈН) | / |
| **Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема** | | | | | |
| 17 | Одржување на СКАДА систем на РВС Студенчица за 2021 година | | 200.000,00 | Не е реализирано | / |
| 18 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2021 година | | 300.000,00 | 0,00 | 0.0% |
| 19 | Пескарење на хидромеханичка опрема во шахтите на Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица | | 1.000.000,00 | Не е реализирано | / |
| **Започнати активности од претходни години** | | | | | |
| 20 | Физибилити студија за хидрогеолошки испитувања на теренот во II заштитна зона на изворот Студенчица | | 1.500.000,00 | 1.495.000,00 | 99.67% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Изработка на проектна документација за реконструкција на анодни лежишта на станиците за катодна заштита на РВ Студенчица | | 248.000,00 | 248.000,00 | 100.0% |
| 22 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: Прекидна комора Барбарас | | 300.000,00 | 282.458.00 | 94.15% |
| 23 | Санација на внатрешни армиранобетонски површини од зафатот (каптажа) на изворот Студенчица | | 2.199.100,00 | Активноста е во тек (Потпишан договор со вредност 2.199.100,00) | / |
| 24 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација за 2020 година | | 300.000,00 | 274.300,00 | 91.43% |
| 25 | Набавка на резервни делови за СКАДА систем на РВС Студенчица, за 2020 година | | 300.000,00 | 216.817,00 | 72.27% |
| 26 | Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица | | 600.000,00 | Активноста е во тек | / |
| 27 | Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2020 година | | 1.500.000,00 | 795.800,00 | 53,05% |
| 28 | Одржување на СКАДА систем на РВС Студенчица за 2020 година | | 200.000,00 | 90.000,00 | 45.0% |
| 29 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2020 година | | 291.750,00 | 8.250,00 | 2.83% |
| **Планирани активности во тековната година** | | | | | |
| 30 | Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство | | 0,00 | Не е реализирано | / |
| 31 | Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство | | 0,00 | Не е реализирано | / |

## *3. Инвестициона програма*

Работите кои се предвидува да се реализираат во текот на 2022 година се опишани и прикажани во табеларен преглед заедно со проценетите вредности за секоја активност во нето износ – без ДДВ.

Со програмата за 2022 година се предвидува да се извршат активности во вкупен износ од 22.140.000,00 денари, од кои 14.290.000,00 денари од приходи во деловната 2022 година, а останатите активности (започнати активности од претходни години и планирани активности во тековната година) предвидено е да се финансираат од акумулирани средства во висина од 7.850.000,00 денари.

Проценката и планирањето на потребните финансиски средства за инвестиционо и тековно одржување е извршена врз основа на трошоци од претходно извршени слични работи, врз основа на претходни понуди и анализа на пазарот во тековниот период.

Според активностите кои е предвидено да се финансираат од тековните приходи во 2022 година најмногу средства се предвидени за инвестиоционо - техничка документација и интелектуални услугии и тоа 38.77% од вкупно предвидените средства од тековни приходи. Тоа се должи на високата предвидена вредност на следниве проектни документации: студија за иновирање на режимот на користење на водите од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица, која е потребна за продолжување на водостопанската дозвола и изработка на проектна документација за замена и поставување на нови линиски затворачи на РВ Студенчица со која ќе се дефинира редоследот и начинот на замена на линиските затворачи кај кои е поминат експлоатациониот период, начинот на запирање, празнење и повторно полнење на системот со вода како и временскиот период во кој корисниците би останале без вода.

Од активностите за реализација од акумулирани средства сите се наменети за започнати активности од претходни години. После неуспешните постапки во текот на 2021 година, во 2022 година се планира да се објави оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на две МХЕ на РВ Студенчица и тоа: МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод. Проектот ќе генерира економски придобивки меѓу кои зголемување на приходите на ЈП Студенчица како и производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

Планираните активности и средства за деловната 2022 година се прикажани во табела **Т-3. Инвестициона програма за 2022 година.** Во табеларниот преглед се прикажани предвидените активности по структура и чинење, и тоа:

- 3.1 Активности за реализација од планирани приходи во деловната 2022 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија)
  - 3.1.1 Инвестиционо-техничка документација и интелектуални услуги
  - 3.1.2 Инвестициона градба
  - 3.1.3 Набавка на опрема
  - 3.1.4 Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема
- 3.2 Активности за реализација од акумулирани средства

3.2.1 Започнати активности од претходни години
3.2.2 Планирани активности во тековна година

| 3. Инвестициона програма за 2022 година | | |
|---|---|---|
| *3.1 Активности за реализација од планирани приходи во деловната 2022 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија)* | | |
| *3.1.1 Инвестиционо - техничка документација и интелектуални услуги* | | |
| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
| 1 | Ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015 (3 години, 50% прва, 25% втора и трета година плаќање) | 150.000,00 |
| 2 | Изработка на студија за иновирање на режимот на користење на водите од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица | 2.000.000,00 |
| 3 | Ревизија на студија за иновирање на режимот на користење на водите од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица | 200.000,00 |
| 4 | Изработка на проектна документација за замена и поставување на нови линиски затворачи на РВ Студенчица | 2.000.000,00 |
| 5 | Ревизија на проектна документација за замена и поставување на нови линиски затворачи на РВ Студенчица | 200.000,00 |
| 6 | Изработка на извештај од надзор за извршен технички надзор врз реконструкција на дел од станиците за катодна заштита на РВ Студенчица | 60.000,00 |
| 7 | Изработка на извештај и испитување на системот за катодна заштита со дијагностика за фактичката состојба | 30.000,00 |
| 8 | Урбанистичка планска документација за изведба на фотонапонска централа | 600.000,00 |
| 9 | Изработка на студија за енергетски можности на магистралниот цевковод од РВС Студенчица | 300.000,00 |
| | Вкупно 3.1.1: | **5.540.000,00** |
| *3.1.2 Инвестициона градба* | | |
| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
| 1 | Реконструкција на дел од станиците за катодна заштита на РВ Студенчица | 3.000.000,00 |
| | Вкупно 3.1.2: | **3.000.000,00** |
| *3.1.3 Набавка на опрема* | | |
| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
| 1 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација, за 2022 година | 300.000,00 |
| 2 | Набавка на резервни делови за СКАДА систем на РВС Студенчица, за 2022 година | 300.000,00 |
| 3 | Набавка на хидромеханска и електротехничка опрема, за 2022 година | 4.300.000,00 |
| 4 | Набавка, транспорт и монтажа на инвертер клима уреди за дирекцијата на ЈП Студенчица во Кичево | 200.000,00 |
| | Вкупно 3.1.3: | **5.100.000,00** |
| *3.1.4 Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема* | | |
| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
| 1 | Одржување на СКАДА систем на РВС Студенчица за 2022 година | 200.000,00 |
| 2 | Периодично испитување и одржување на МХЕ Добренoец за 2022 година | 450.000,00 |
| | Вкупно 3.1.4: | **650.000,00** |

| РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА АКТИВНСТИ ОД ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2022 година | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Вкупно чинење** |
| 3.1.1 | Инвестиционо-техничка документација и интелектуални услуги | 5.540.000,00 |
| 3.1.2 | Инвестициона градба | 3.000.000,00 |
| 3.1.3 | Набавка на опрема | 5.100.000,00 |
| 3.1.4 | Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема | 650.000,00 |
| | Вкупно 3.1 : | 14.290.000,00 |

| *3.2 Активности за реализација од акумулирани средства* | | |
|---|---|---|
| *3.2.1 Започнати активности од претходни години* | | |
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Вкупно чинење** |
| 1 | Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица | 600.000,00 |
| 2 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација, за 2021 година | 300.000,00 |
| 3 | Набавка на резервни делови за СКАДА систем на РВС Студенчица, за 2021 година | 300.000,00 |
| 4 | Набавка на опрема за видео надзор на придружни објекти од РВ Студенчица | 150.000,00 |
| 5 | Набавка на теренски возила | 1.200.000,00 |
| 6 | Набавка на хидромеханска и електротехничка опрема, за 2021 година | 5.000.000,00 |
| 7 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добренoец за 2021 година | 300.000,00 |
| | Вкупно 3.2.1 : | 7.850.000,00 |
| *3.2.2 Планирани активности во тековната година* | | |
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Вкупно чинење** |
| 1 | Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство | 0,00 |
| 2 | Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство | 0,00 |
| | Вкупно 3.2.2 : | - |

| РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД АКУМУЛИРАНИ СРЕДСТВА ЗА 2022 година | | |
|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Вкупно чинење** |
| 3.2.1 | Започнати активности од претходни години | 7.850.000,00 |
| 3.2.2 | Планирани активности во тековната година | - |
| | Вкупно 3.2 : | 7.850.000,00 |

| СЕ ВКУПНИ ИНВЕСТИЦИИ | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Вкупно чинење |
| 1 | Активности за реализација од планирани приходи во деловната 2022 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија) | 14.290.000,00 |
| 2 | Активности за реализација од акумулирани средства | 7.850.000,00 |
| | ВКУПНО: | 22.140.000,00 |

### 3.3 Образложение за планираните активности

Во оваа точка дадено е кратко образложение за активностите кои се предвидува да се реализираат во текот на 2022 година.

#### 3.3.1 Инвестиционо-техничка документација и интелектуални услуги

1. **Ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015 (3 години, 50% прва, 25% втора и трета година плаќање), втора ресертификација**

ЈП Студенчица има воспоставен систем за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2008. По извршената сертификација во 2015 година се стекна со сертификат за менаџмент со квалитет кој е со важност од 3 години. Во текот на 2018 година се изврши транзиција од ИСО 9001:2008 кон системот ИСО 9001:2015. Во 2019 година реализирана е сертификација на ИСО 9001:2015 и ЈП Студенчица се стекна со нов сертификат за менаџмент со квалитет. Во 2020 година беше извршена прва надзорна проверка на системот, додека пак во 2021 година предвидена е втора надзорна проверка. Во текот на 2022 година предвидена е ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015 со вклучени прва и втора надзорна проверка во 2023 година и 2024 година.

2. **Изработка на студија за иновирање на режимот на користење на водите од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица**

Распределбата на вода од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на истиот се врши врз основа на добиено решение за дозвола за користење на вода за водоснабдување од страна на министерството за животна средина и просторно планирање. Дозволата за користење на вода за водоснабдување е со важност од 10 години и истата треба да се продолжи. Во текот на изминатиот период се настанати одредени промени во потребните количини на вода кон одредени корисници на системот (намалување на потребните количини

на вода поради реконструкција на водоводни мрежи и намалување на загуби, зголемување на потребните количини на вода поради нови корисници на системот кои се приклучени или во фаза на изработка на проектна документација и слично). Според тоа предвидено е да се изработи нова студија со која ќе ја утврди распределбата на вода кон корисниците на системот и ќе се добие нова водостопанска дозвола.

3. **Ревизија на студија за иновирање на режимот на користење на водите од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица**

Заради контрола и подобрување на квалитетот на студијата како и потврда од страна на независна стручна установа за усогласеноста на студијата со законските и техничките прописи, усогласеност со техничките спецификации, проектната задача и правилата на струката предвидено е да се изврши ревизија на студијата за иновирање на режимот на користење на водите од РВ Студенчица. Исто така во потребната документација за добивање на водостопанска дозвола покрај студијата како документација потребна е и ревизија на истата.

4. **Изработка на проектна документација за замена и поставување на нови линиски затворачи на РВ Студенчица**

Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица е изграден во осумдесетите години од минатиот век и неговиот екплоатационен период од 30 години е изминат. Како главни негови компоненти покрај самиот цевковод и каптажата се линиските затворачи. Линиските затворачи се користат за затворање на одредени делници од цевководот при дефект на системот и за регулирање на водата кон корисниците на системот. Поради тоа потребно е истите да бидат во функција. Во периодот од изградба на регионалниот водовод до сега заменет е само еден линиски затворач додека пак останатите се со изминат експлоатационен период и потребна е нивна замена. Со изработка на проектната документација ќе се утврди кои од линиските затворачи се приоритетни за замена, кој тип на нови линиски затворачи е најдобро да се постават, ќе се дефинира начинот на нивна монтажа, дали ќе се врши нивна замена или ќе се постават нови на друга локација и слично. Покрај тоа ќе се дефинира и динамички план на работа односно редослед на запирање на водата по делници или целосно запирање на водата во системот, време на запирање и време на полнење на системот со вода, а со тоа и влијанието на постапката за поставување на затворачите врз самиот цевковод.

5. **Ревизија на проектна документација за замена и поставување на нови линиски затворачи на РВ Студенчица**

Заради сложеноста на проблемот, контрола и подобрување на квалитетот на проектот како и потврда од страна на независна стручна установа за усогласеноста на проектната документација со законските и техничките прописи, усогласеност со техничките спецификации, проектната задача и правилата на струката предвидено е да се изврши ревизија на проектната документација за замена и поставување на нови линиски затворачи.

6. **Изработка на извештај од надзор за извршен технички надзор врз реконструкција на дел од станиците за катодна заштита на РВ Студенчица**

Заради контрола на реализацијата на проектот во тек на изградба, ЈП Студенчица планира да ангажира надворешно стручно лице или лиценцирана компанија која ќе извршува технички надзор и контрола врз реконструкција на дел од станиците за катодна заштита на РВ Студенчица (вградени количини, квалитет на вградени материјали, следење на динамика на изведба согласно договорот за градба, контрола на градежни книги, дневници, завршна ситуација и слично).

7. **Изработка на извештај и испитување на системот за катодна заштита со дијагностика за фактичката состојба**

Во текот на 2022 година предвидена е контрола на системот за катодна заштита на регионалниот водоснабдителен систем од надворешна овластена институција. Потребно е да се изработи извештај од извршената контрола со препораки и насоки за наредни чекори кои треба да ги превземе јавното претпријатие со цел подобрување на работата и ефективноста на станиците за катодна заштита.

8. **Урбанистичка планска документација за изведба на фотонапонска централа**

Покрај приоритетната дејност 36.00 собирање, обработка и снабдување со вода, ЈП Студенчица има регистрирано и дејност во внатрешниот промет 35.11 производство на електрична енергија. Во текот на 2022 година се планира да се започне со дел од проектната документација за изведба на фотонапонска централа. Доколку е правно и технички оправдано, ќе се генерираат придобивки од фотонапонската централа меѓу кои зголемување на приходите на ЈП

Студенчица како и производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

9. **Изработка на студија за енергетски можности на магистралниот цевковод од РВС Студенчица**

Цел на студијата е да се изврши анализа за можноста за енергетско искористување на магистралниот дистрибутивен цевковод како целина во експлоатација, бидејќи досегашните студии даваат поединечни решенија за поедини локации. Преку резултатите од студијата ќе се добијат обновени и уточнети податоци за енергетскиот скриен капацитет како и за можностите за енергетско искористување. Од предложените варијанти се очекува да се избере техно-економски оптимален начин на искористување на водниот потенцијал на магистралниот дистрибутивен цевковод, т.е. определат оптимални локации за градба на МХЕ, да се изберат оптимални вредности на инсталираниот капацитет (проток) на предвидените хидроенергетски производни капацитети, да се изберат оптимални вредности на параметрите на објектите на хидрауличните системи (должини и дијаметар на цевководи, број и вид на турбини, генератори и трансформатори и др).

### 3.3.2 Инвестициона градба

1. **Реконструкција на дел од станиците за катодна заштита на РВ Студенчица**

Во текот на 2021 година изработен е Основен проект за реконструкција на системот за катодна заштита на регионалниот водоснабдителен систем Студенчица. Согласно изработената проектна докуметација во текот на 2022 година предвидено е да се изврши реконструкција на дел од станиците за катодна заштита.

### 3.3.3 Набавка на опрема

1. **Набавка на компјутери, по техничка спецификација, за 2022 година**

Поради дотраеност на постоечката компјутерска опрема во 2022 година предвидено е да се набават персонални компјутери со лиценциран оперативен систем, лиценцирана заштита и лиценциран пакет за канцелариско работење (microsoft office).

2. **Набавка на резервни делови за СКАДА систем на РВС Студенчица, за 2022 година**

СКАДА системот на РВС Студеничца се состои од метални ормари со комуникациска опрема, фотоволтажни панели, камери за видео надзор, сервери и слична опрема која е потребно постојано да се одржува. Оваа набавка е предвидено да се реализира како годишна и сукцесивна според потребите и настанатите дефекти.

3. **Набавка на хидромеханска и електротехничка опрема, за 2022 година**

ЈП предвидува набавка на хидромеханичка опрема и електротехничка опрема и тоа: механички водомери, слепи фланши, фланши, редуцири, СП парчиња, вентили, затворачи, резервни делови за мерачи на проток и слично според техничка спецификација. Набавката се предвидува секоја година со цел решавање на дефектите кои настануваат во текот на годината. Набавката ќе се реализира како сукцесивна според потребите на ЈП.

4. **Набавка, транспорт и монтажа на инвертер клима уреди за дирекцијата на ЈП Студенчица во Кичево**

Во дирекцијата на ЈП Студенчица во Кичево има пет канцеларски простории во кои греењето во зимскиот период се врши на електрична енергија - со греалки и панели. Во текот на 2022 година предвидена е набавка на инвертер клима уреди со што ќе се добијат поефикасни и поекономични уреди за ладење во летниот период и греење во зимскиот период – ќе се заменат дотраените панели и греалки.

### 3.3.4 Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема

1. **Одржување на СКАДА системот на регионалниот водовод Студенчица за 2022**

Гарантниот период на СКАДА системот е истечен. Поради сложеноста на самиот СКАДА систем – сложени програмски решенија на повеќе нивоа на комуникација, дијагностицирање на хардверски проблеми и друго најдобро е одржувањето да се врши од страна на надворешен субјект која поседува стручни и искусни лица од оваа област. Набавката се предвидува секоја година со цел обезбедување на нормално функционирање на СКАДА системот.

2. **Периодично испитување и одржување на МХЕ Доброноец за 2022 година**

МХЕ Доброноец претставува значаен објект за чие одржување е потребно стручни лица од повеќе области – машински дел, електро дел, хидроградежен дел и др. Според тоа одржувањето на МХЕ Доброноец најдобро е да се врши од страна на надворешен субјект која поседува стручни и искусни лица од оваа област. Набавката се предвидува секоја година со цел обезбедување на нормално функционирање и намалување на можноста на посериозни дефекти на малата хидроцентрала.

### 3.3.5 Започнати активности од претходни години

1. **Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица**

Моментално на зафатот на изворот Студенчица снабдувањето со електрична енергија се врши со фотоволтажни панели при што има недостаток на електрична енергија во зимски период. Во текот на 2019 година избран е најповолен понудувач и работите се завршени во септември 2020 година. Согласно договорот 80% од средствата се реализирани, додека пак преостанатиот дел ќе се реализираат после периодот за пробна работа на микро ХЕЦ Зафат. Поради одредени проблеми во текот на пробниот период, се прават некои минимални промени во техничкото решение со цел добивање на бараната моќност при што во наредниот период се очекува и финансиска реализација на преостанатиот дел од средствата. Со изведба на микро ХЕЦ Зафат ќе се искористи расположливиот воден потенцијал и трајно ќе се решат проблемите со недостаток на електрична енергија на објектот Каптажа.

2. **Набавка на компјутери, по техничка спецификација за 2021 година**

Во декември 2021 година објавен е оглас за набавка на компјутери кој е во тек. Предвидените активности (избор на најповолен понудувач и реализација на набавката) се очекува да заврши во јануари 2022 година.

3. **Набавка на резервни делови за СКАДА систем на РВС Студенчица, за 2021 година**

Во декември 2021 година објавен е оглас за набавка на резервни делови за СКАДА систем кој е во тек. Предвидените активности (избор на најповолен понудувач и реализација на набавката) се очекува да заврши во февруари 2022 година.

4. **Набавка на опрема за видео надзор на придружни објекти од РВ Студенчица**

Во декември 2021 година објавен е оглас за набавка на опрема за видео надзор на придружните објекти од РВ Студенчица кој е во тек. Предвидените активности (избор на најповолен понудувач и реализација на набавката) се очекува да заврши во јануари 2022 година.

5. **Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2021 година**

Во декември 2021 година објавен е оглас за набавка на хидромеханска и електротехничка опрема кој е во тек. Предвидените активности (избор на најповолен понудувач и реализација на набавката) се очекува да заврши во февруари 2022 година.

6. **Набавка на терenски возила**

Во текот на месец ноември 2021 година објавен е оглас за набавка на теренски возила. Реализацијата на набавката се очекува да заврши во јануари 2022 година.

7. **Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнество**

Врз основа на претходно изработените студии за енергетска искористеност на РВС Студенчица каде што е утврдена можност за изградба на уште две мали хидроелектрани и студиите за оправданост на доделување на договор за јавно приватно партнерство, во текот на 2022 година се планира да се објави оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување и пренос на две МХЕ на РВ Студенчица и тоа: МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод. Проектот ќе генерира економски придобивки меѓу кои зголемување на приходите на ЈП Студенчица како и производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

## 8. Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство

Во текот на 2014 година изработена е Физибилити студија за јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба и стопанисување со капацитети за флаширање на вода за пиење на водоснабдителниот систем Студенчица Кичево. Цели на проектот се: обезбедување на дополнителни финансиски средства на ЈП Студенчица, потикнување на економски развој преку изградба на производни капацитети и зголемување на вработеноста.

Кичево,
Март, 2022 година

ВД Директор/UD Drejtori
m-r Ardita Dani

Изработил
Лазаровски Игор дги
Раководител на технички сектор
м-р Гоце Наќески

Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studenica
Бр./Nr. 02-447/1-2/3-2
22.03 20 22 год./vit.
Кичево - Kërçovë

# *ОПШТО-КАДРОВСКИ И*
# *НОРМАТИВНО-ПРАВНИ РАБОТИ*

***Кичево, Март, 2022 година***

## *Општо-кадровски и нормативно-правни работи*

### *КАДРОВИ РАБОТИ*

***Во Јавното претпријатие има :***
***вршител на должност директор (1) едно извршител***
***и вршител на должност заменик директор (1) едно извршител***

Во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица„ Кичево се вработени вкупно 56 извршители на неопределено време до периодот на изготвување на овој План за општо кадрови и правни работи за 2022 година, а до крајот на 2022 година се планира да останат 56 извршители со оглед дека се планира да има 4 (четири) пензионирани и 4 четири нововработени .

Вршител на должност -директор ВСП
1 извршител
Вршител на должност заменик директор ВСП
1 извршител

Структурата на вработените е следна:

| | |
|---|---|
| 1. ВСП | 17 извршители |
| 2. ССП (разни степени) | 34 извршители |
| 3. ВП | 1 извршител |
| 4. НП | 4 извршители |

ДИРЕКЦИЈА
Вршител на должност -директор
Вршител на должност заменик директор
- 20 извршители

КИЧЕВО - објекти на РВ Студенчица
- 27 изршители

ПРИЛЕП - објекти на РВ Студенчица
- 9 извршители

Во текот на деловната 2022 година во Претпријатието се планираат четири пензионирања и се планира пополнување на четири работни места и тоа :

| | | |
|---|---|---|
| КДР 04 02 А02005 | Чувар на објект | 2 извршители |
| КДР 04 03 А02004 | Возач | 1 извршител |
| КДР 01 02 В04 048 | Помлад соработник - преведувач | 1 извршител |

Во текот на деловната 2022 година во Претпријатието има предвидено четири вработени за пензионирање поради исполнување на условите за старосна пензија.

## *НОРМАТИВНО- ПРАВНИ РАБОТИ*

Изработка на предлог - општи акти во Јавното претпријатие и нивно донесување во текот на 2022 година:

- Колективен договор на ниво на работодавец,
- Статут на јавното претпријатие, согласно измените и дополнувањата на Законот за јавните претпријатија (доколку има измени во Закон за јавните претпријатија)
- Правилник за Службата за физичко обезбедување и заштита на објектите на ЈП,
- Правилник за мерките за безбедност и здравје при работа (со преглед на личните и колективни заштитни средства на работниците за работните места, работната облека и заштитна опрема за заштита на работно место според новата систематизација
- Општи акти за заштита на лични податоци
- Други општи акти во зависност од потребата и донесување на нови Законски решенија кои се однесуваат на ЈП

## *УПРАВНО - ПРАВНИ РАБОТИ*

***Активности планирани согласно Законот за безбедност и здравје при работа***

Во 2022 година се планирани активности на набавка на соодветна опрема и донесување на нов Правилник за мерките за безбедност и здравје при работа во јавното претпријатие (со преглед на личните и колективни заштитни средства на работниците за работните места, работната облека и карактеристики на опремата.

Правилникот ќе биде согласно изработената проценка за ризик на секое работно место во ЈП, со концепт за безбедност и здравје при работа со направените микроклиматски мерења и обука на вработените од сите ризици кои ги носи работното место од аспект на заштита на здравје при работа како и врз основа на изработениот Елаборат за проценка на ризик на работни места со изјава за безбедност изработен од овластена куќа верификувана во Министерство за труд и социјална политика, кои се направени во 2017 година за потребите на ЈП.

***Планирани активности за транзиција и сертификација на ИСО9001: 2008 стандардите***

Со оглед на фактот што постапката за транзиција и сертификација и две контролни проверки за периодот од 2018 година според редоследот на

активности во 2022 година заради новата верзија на стандардот ИСО 9001 се предвидува ресертификација на ИСО 9001.

***Планирани активности за организирање на боево гаѓање на Службата на физичко обезбедување и заштита согласно Законот***

Во 2022 година се планира да се спроведе редовно боево гаѓање на вработените кои работат на обезбедување на објекти на РВ Студенчица во текот на ноември 2022 година. Напоменуваме дека оваа активност во текот на 2020 и 2021 година беше одложена заради пандемијата со вирус корона-19 .

***Планирани активности за организирање на здравствени прегледи на вработените согласно Законот***

Во 2022 година се планира да се спроведат здравствени прегледи за сите вработени кои се одложени од претходната година поради пандемијата со КОРОНА 19 вирусот. Напоменуваме дека оваа активност во текот на 2020 и 2021 година беше одложена заради пандемијата со вирус корона- 19 .

***Планирани активности за полагање на испит за јавни набавки за вработени на ЈП***

Во текот на 2022 година период се планира посета на обуки и полагање на испит за двајца вработени на ЈП - обука за двајца вработени и полагање испит за стекнување со сертификат за јавни набавки.

| | |
|---|---|
| Изработила | ВД Директор / UD Drejtori |
| Зора Ивановска дипл.правник | m-r Ardita Dani |

Јавно претпријатие за водоснабдување Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë Studenpica
Бр./Nr. 02-447/1-3/1-2
22-03 20 22 год./vit.
Кичево-Kërçovë

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2022 ГОДИНА
## на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета Вредност без ДДВ | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки | | | | | | |
| 1. | Набавка на електрична енергија | 09310000-5 | стоки | Набавка од мала вредност чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН, | 350.000,00 | јануари | |
| 2. | Набавка на инвертери за дирекција (набавка, транспорт и монтажа) | 39717200-3 | стоки | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 200.000,00 | април | |
| 3. | Набавка на градежни материјали | 44000000-0 | стока | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 300.000,00 | март | |
| 4. | Набавка на огревно дрво франко објекти на РВ Студенчица | 03000000-1 | стоки | Набавка од мала вредност,чл.48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 127.119,00 | јуни | |
| 5. | Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2022 година | 31000000-6 | стоки | Отворена постапка чл. 50 од ЗЈН | 4.300.000,00 | август | |
| 6. | Набавка на компјутери по техничка спецификација | 30000000-9 | стоки | Набавка од мала вредност,чл.48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 300.000,00 | септември | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Набавка на плин за парно греење на РГ Другово 2022/2023 | 09000000-3 | стоки | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 200.000,00 | септември | |
| 8. | Набавка на канцелариски материјал | 30000000-9 | стоки | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 186.441,00 | октомври | |
| 9. | Набавка на ХТЗ и друга опрема за вработените | 18000000-9 | стоки | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 300.000,00 | октомври | |
| 10. | Набавка на резервни делови за постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица за 2022 | 31000000-6 | стоки | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 300.000,00 | октомври | |
| 11. | Набавка на гориво за службени моторни возила за 2022/2023 | 09000000-3 | стоки | Поедноставена отворена постапка чл. 49 став 1 од ЗЈН | 1.016.949,00 | декември | |
| 12. | Набавка на гуми, резервни делови и друг потрошен материјал за службени возила, градежна машина и останата опрема | 34300000-0 | стоки | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 450.000,00 | декември | |
| | **II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | | | |
| 1. | Одржување на SCADA систем за 2022 година | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 200.000,00 | јануари | |
| 2. | Урбанистичка планска документација за изведба на фотонапонска централа | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 600.000,00 | февруари | |
| 3. | Угостителски услуги | 55000000-0 | Услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од | 286.600,00 | јануари | Посебни услуги |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ЗЈН | | | |
| 4. | Осигурување на недвижен имот и вградена опрема на РВС Студенчица 2022/2023 | 66000000-0 | услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 423.729,00 | март | Посебни услуги |
| 5. | Периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2022 година | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 450.000,00 | април | |
| 6. | Изработка на студија за иновирање на режимот на користење на водите од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена постапка чл. 49 ЗЈН | 2.000.000,00 | февруари | |
| 7. | Ревизија на студија за иновирање на режимот на користење на водите од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 200.000,00 | февруари | |
| 8. | Изработка на проектна документација за замена и поставување на нови линиски затворачи на РВ Студенчица | 71000000-8 | Услуги | Поедноставена постапка чл. 49 ЗЈН | 2.000.000,00 | април | |
| 9. | Ревизија на проектна документација за замена и поставување на нови линиски затворачи на РВ Студенчица | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 200.000,00 | април | |
| 10. | Студија за определување на енергетските можности на РВС Студенчица | 71000000-8 | Услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 300.000,00 | мај | |
| 11. | Одржување, поправка и сервисирање на службени возила и на друга опрема за 2022/2023 година | 50000000-5 | Услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 300.000,00 | декември | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Ревизија на финансиски извештаи и извештаи за материјално-финансиско работење на ЈП Студенчица за 2022 година | 66000000-0 | Услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 120.000,00 | декември | |
| 13. | Ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015 (3 години, 50% прва, 25% втора и трета година плаќање | 79000000-4 | Услуги | Набавка од мала вредност,чл. 48 став 1 и 2 ал. 1 од ЗЈН | 150.000,00 | мај | |
| | **III.Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи** | | | | | | |
| 1. | Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство | 45000000-7 | работи | Отворена постапка, член 50 од ЗЈН | / | февруари | Постапката ќе се спроведе согласно закон за јавните набавки и закон за концесии и јавно приватно партнерство. |
| 2. | Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство | 45000000-7 | работи | Отворена постапка член 50 од ЗЈН | / | февруари | Постапката ке се спроведе согласно Закон за јавните набавки и закон за концесии и јавно приватно партнерство. |
| 3. | Реконструкција на дел од станиците за катодна заштита на РВ Студенчица | 45000000-7 | работи | Отворена постапка член 50 од ЗЈН | 3.000.000,00 | март | |

Управен одбор
Претседател
Јана Костадиноска

Бр.02-447/1-3/2 од 22.03.2022 година

Кичево

Образложение:

Постапувајќи согласно заклучоци за антикризни мерки за рационализација на трошоците во јавниот сектор донесени од Владата на РСМ на 28 -та седница одржана на 15 март 2022 година, во Програмата за работа за 2022 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, Инвестициона програма и Финансискиот план за 2022 година, изврушени се измени и тоа :Инвестициона програма точка 3.1.1 Инвестиционо-техничка документација и интелектуални услуги ред.бр 6- Изработка на проектна документација за санирање на оштетена хидроизолација од цевководот на местата на вкрстување со магистрални патишта (премин под пат) со износ од 1.000.000,00 денари се брише, точка 3.1.1 Инвестиционо-техничка документација и интелектуални услуги се брише и ред.бр7 Ревизија на проектна документација за санирање на оштетена хидроизолација од цевководот на местата на вкрстување на цевководот со магистрални патишта (премини под пат) со износ од 100.000, 00 денари, а во точка 3.1.3 Набавка на опрема под ред.бр.3- Набавка на хидромеханска и електротехничка опрема за 2022 година, износот 5.000.000,00 денари се заменува со износот 4.300.000,00 денари.

Во Финансиски план за 2022 година согласно Заклучокот од 28 Седница на Владата на РСМ од 15.03.2022година, измените се спроведени во Т- 2.4 на конто 400, 401, 404, 407 и 419 со намалување од 15%, ДОДЕКА НА КОНТО 440 и 444 во износ од 50% од претходниот Предлог Финансиски план, кој беше доставен.

Наведените измени во Инвестиционата програма и Финансискиот план се спроведени и во Годишниот план за јавни набавки за 2022 година.